РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО [illegible] СКОПЈЕ
[illegible]
Бр. 08-293/1
21.06.2021 год
СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот Конкурс за запишување на ученици во учебната 2021/2022 година од Министерството за образование, училишната комисија за запишување на ученици на 21.06.2021 година објавува:

# О Г Л А С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА ВТОРО ПРИЈАВУВАЊЕ (слободни места)

### 1. БРОЈ НА УЧЕНИЧКИ МЕСТА

| Образовен профил | Јазик на кој се изведува наставата | Број на слободни ученички места | Времетраење на образованието | Минимум потребни поени |
|---|---|---|---|---|
| Техничар за пејзажен дизајн | македонски | 13 уч. | четиригодишно | 45 поени |
| Столар (реформиран наставен план и програми) | македонски | 29 уч. | тригодишно | 30 поени |
| Техничар за мебел и ентериер | македонски | 8 уч. | четиригодишно | 45 поени |

### 2.УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Услови за запишување на учениците се:

- да имаат завршено основно образование
- да не се постари од 17 години
- да се определат за план и програма за еден од горенаведените видови образование
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Конкурс

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година нема да биде обезбеден ако избраниот вид на образование (струка) го има во општината, односно регионот каде што тие живеат.

### 3.ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

**При пријавувањето, учениците треба да ги поднесат следните документи:**

- пријава за запишување (пријавата за запишување ученикот ја превзема од веб страната *mon.gov.mk* и истата е бесплатна);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето);
- дипломи (доколку имаат) од освоени (I, II, III) места од меѓународни и државни натпревари (мајчин јазик, странски јазик и наставни предмети што се од значење за струката).

## 4.КОНКУРСНИ РОКОВИ

Второто пријавување и запишување на учениците ќе се врши на 23, 24 и 25 јуни 2021 година, а резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 25 јуни 2021 година.

## 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериуми за **избор на учениците се:**

- среден успех на ученикот од VI до IXодделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката);
- дипломи од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазики наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје. (Се признаваат само дипломите од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука);
- средна вредност од поени добиени за поведение

Наставни предмети што се од значење во шумарско-дрвопреработувач-ката струка се **математика** и **биологија**.

Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број ученици од планираниот број со еднаков број поени, ќе се организира квалификационо тестирање од предметите значајни за струката.

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (средниот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четирии истиот број се множи со коефициент 10);

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети(два наставни предмети задолжително засите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни и републички натпревари ученикот може да добие најмногу 5 поени. (За освоено место од меѓународни натпревари - 5 поени, за освоено место од републички:3 поени заI место, 2 поени за II место и 1 поен за III место). На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени (примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од петто, шесто, седмо и осмо одделение поделено со 4).

**Ученикот по сите критериуми утврдени со овој конкурс може да добие најмногу 80 поени.**

За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VIIили VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

**Директор**

Саша Стоименов